Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11 и 123/12), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, на ден 06.06.2013 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Измена и дополна на детален урбанистички план за парцела од ДУП за лев брег за град Крива Паланка, опфат на ул. Св. Јоаким Осоговски бр. 175 КП 805/0 во КО Крива Паланка, општина Крива Паланка, која се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **www.krivapalanka.gov.mk**.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 од Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Измена и дополна на детален урбанистички план за парцела од ДУП за лев брег за град Крива Паланка, опфат на ул. Св. Јоаким Осоговски бр. 175 КП 805/0 во КО Крива Паланка, општина Крива Паланка нема да има влијание врз животната средина од следните причини: станува збор за мала површина (3500 $м^2$); намената на просторот е В – Јавни институции: Јавна администрација - В4;
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 08-1667/1 од 06.06.2013
Место: Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Дипл. Правник Арсенчо Алексовски